Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 23 од Законот за работни односи (Сл. весник на Р.Македонија бр.54/2013) член 20 г од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на Р.Македонија бр. ..198/18..) член 77 од Законот за култура (Сл.весник на Р.Северна Македонија бр. 39/16..11/18), Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работното место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење регистар на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавниот сектор („Службен весник на РС Македонија“ бр.242/2024), согласно одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за пополнување на работно место во Националната установа Стоби преку вработување и на Пријавата за вработување во Националната установа Стоби како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас, а во согласност со измената на Годишниот план за вработување на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби со бр. 01-256/1 од 01.07.2025 год. како и Одлуката за распишување на јавен оглас за потреба од работници во НУ Стоби со бр. 04-296/1 од 21.07.2025 год. Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби распишува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2025**
**за вработување на неопределено време**

Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско има потреба од засновање на работен однос на неопределено време за 3 (три) извршители – Помошно – технички лица на следните работни места и тоа:

**Помошно – техничка служба**

1. **Хортикултурен техничар КУЛ 04 01 А01 005 .............. 1 (еден) извршител,**

**Општи услови:**
Да е државјанин на Република Северна Македонија
Да е полнолетен
Да има општа здравствена способност за работното место
Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
Средно образование

**Распоред на работно време и износ на нето плата:**
Работни часови: неделно 40
Работни денови: од понеделник до петок
Работно време: од 08:00 до 16:00
Нето плата: 38.693,00 ден.

**Помошно – техничка служба**

2. **Работник за обезбедување КУЛ 04 02 А01 001 ………1 (еден) извршител,**

**Општи услови:**
Да е државјанин на Република Северна Македонија
Да е полнолетен
Да има општа здравствена способност за работното место
Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
Средно - гимназија или стручно образование
- лиценца за обезбедување на имот и лица
- со или без работно искуство;

**Распоред на работно време и износ на нето плата:**
Работни часови: неделно 40
Работа во смени
Нето плата: 37.530,00 ден.

**Помошно – техничка служба**

3. **Продавач КУЛ 04 01 Б01 003..... 1 (еден) извршител,**

**Општи услови:**
Да е државјанин на Република Северна Македонија
Да е полнолетен
Да има општа здравствена способност за работното место
Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
Гимназија или стручно образование

**Распоред на работно време и износ на нето плата:**
Работни часови: неделно 40
Работни денови: од понеделник до петок
Работно време: од 08:00 до 16:00
Нето плата: 34.295,00 ден.

Кандидатите за вработување на бараните работни места се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место. Пријавата за вработување, кандидатите можат да ја подигнат во архивата на Националната установа Стоби или на WEB страната на Националната установа Стоби www.stobi.mk

Кандидатите кон пријавата треба да приложат **во оригинал или заверени на нотар:**

Доказ за државјанство/Уверение за државјанство

Доказ за општа здравствена способност за работното место/Лекарско уверение (не постаро од 6 месеци)
Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија дејност или должност/ Уверение дека не е изречена казна забрана за вршење професија, дејност, должност (не постаро од 6 месеци)
Доказ за завршено соодветно образование/Диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место

Јавниот оглас трае 3 (три) работни дена од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат.

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рок определен согласно законските одредби.

**Информација за начинот на спроведување на постапката за селекција на кандидатите за вработување:**
Фаза 1: проверка на пријава и докази - се спроведува во рок од 3 дена од завршувањето на објавениот оглас. Доколку недостасува некој доказ, Комисијата за селекција ќе го контактира кандидатот преку неговата e-mail адреса или телефонскиот број во пријавата и тој во рок од три дена треба да ги комплетира доказите, во спротивно пријавата ќе биде отфрлена. Пријавата се отфрла и доколку доказот/доказите се лажни.
Фаза 2: интервју на селектираните кандидати - се спроведува во рок од 10 дена по спроведената втора фаза од селекцијата.
Фазите на постапката за селекција се уредени во Правилникот за вработување на помошно – техничките лица во Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско со бр. 02-297/4 од 31.10.2022 год.

Пријавите со потребната документација заинтересираните кандидати потребно е да ги достават во затворен плик со назнака "за Јавен оглас бр.1/2015" до Националната установа Стоби, преку пошта на адреса Археолошки локалитет Стоби, 1420 Градско или во архивата на Националната установа Стоби.
Некомплетната и ненавремена документација нема да биде предмет на разгледување при изборот на кандидатите.
За резултатите од огласот кандидатите ќе бидат известени по писмен пат.